ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401-5496/1
Дата, Data 14-06-2021
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 22 и 23 од Законот за работни односи („Сл. Весник на РСМ“ бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018) и член 31 став 1 точка 9 од Статутот на ЈП Водовод и канализација – Скопје, а согласно годишниот план за вработување за 2021 година на ЈП Водовод и канализација – Скопје арх.бр.0302-6823/1 од 27.08.2020 година и Планот за изменување и дополнување на годишен план за вработување за 2021 година арх.бр.0302-2133/4 од 09.03.2021 година ја донесувам следната

О Д Л У К А
за објавување ЈАВЕН ОГЛАС за прием на
помошно-технички лица на неопределено време

Член 1

Да се објави ЈАВЕН ОГЛАС за засновање на работен однос на неопределено време за работното место:

КДР0401А03005 Хигиеничар, во Одделение за општи работи, во СЕКТОР „Правни и општи работи“ – 1 извршител

Член 2

Пополнувањето на работното место е во согласност со Правилникот за систематизација на работните места во ЈП Водовод и канализација - Скопје Бр.0302-12515/1 од 20.09.2019 година.

Член 3

Потребата за засновање на работен однос од точка 1 на оваа Одлука да се обезбеди со објавување на Јавен оглас во најмалку два дневни весника од кои најмалку по еден од весниците што се издаваат на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик.

Член 4

Јавниот оглас трае 3 (три) работни дена, а рокот за пријавување започнува да тече од денот на последното објавување.

Член 5

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а за нејзиното спроведување надлежн е Сектор Човечки ресурси.

Доставено до:
-Сектор Човечки ресурси x2
-Архива на директор
-Архива

ЈП Водовод и канализација - Скопје
Д и р е к т о р,
м-р Душко Весковски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ * NDËRMARJA PUBLIKE * ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА * UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI * СКОПЈЕ SHKUP